# МЛАДИНСКА АКЦИЈА – ДЕЛЧЕВО

**Датум на одржување на акцијата**: 06 август 2018 (четврток).

**Организатори**: СОУ М. М. БРИЦО Делчево, Општина Делчево, ПСК ГОЛАК Делчево.

**Број на учесници:** 110 ученици, 7 професори, директорот на училиштето, докторка како и двајца полицајци.

**Опис на акцијата**: децата во 8 часот ги однесовме од Делчево до спортските терени на Голак со автобуси. Автобусите и храната беа обезбедени од СОУ М. М. БРИЦО Делчево, Општина Делчево и спонзори.
Планинарскиот марш почна од спортските терени на височина 1.398 м.н.в. и продолжи кон Манастирот Св. Пантелејмон (1.508 м.н.в.), и преку врвот Мала Чавка (1.512 м.н.в.) кон Бун Чешма (1.460 м.н.в), Ловечка Куќа (1.455 м.н.в.) - Шумски пат (1.500 м.н.в.) се до Шумска Вила (1.400 м.н.в.) во вкупна должина од 5 км.
Спортскиот дел се состоеше од натпревари во кошарка и фудбал, а беа изведени и физички вежби. Во ликовниот дел децата направија цртежи инспирирани од планината, природата и животната средина. Во музичко-културниот дел децата пееја, играа традиционални ора, читаа текстови, кажуваа анегдоти, а двајца DJ-и (од учениците) пуштаа популарна музика.

Временските услови беа идеални, со температури од +15 до +22 степени, а цело време не следеше медицинска и полициска екипа од Делчево. Акцијата ја посети и градоначалникот Горан Трајковски со уште тројца претставници од општината, меѓу кои и Ванчо Новоселски - советник за образование и наука.

Јас цело време на децата им објаснував за значењето на планината и на природата, за планинарската облека, опрема, исхрана во планина, заштита на природата, ја објаснував планинарската терминологија. Неколку деца се заинтересираа за планинарење и во наредниот период ќе ги вклучиме на нашите планинарски акции.

**Идеја за акцијата**: Љупчо Чучуковски во соработка со проф.Слободан Илиоски - професорот по музичко образование во СОУ М. М. БРИЦО Делчево, Љупчо Прачковски - Директор на средното општинско училиште М.М.БРИЦО Делчево и од градоначалникот на Општина Делчево Горан Трајковски.

**План**:

- Формирање на координативно тело составено од директорот и класните раководители од СОУ М. М. БРИЦО Делчево, како и надворешен член и претставник од ПСК ГОЛАК Делчево и од ФПСМ.
- Одржување на повеќедневен камп за млади по пример на младински кампови од Република Словенија.

**Линк до фотографии**: Делчевската гимназија организираше еднодневен камп на Голак – Delcevo365

**Напишал**: Љупчо Чучуковски, регистриран планинарски водич при ФПСМ од Делчево, Ментор за планинарски акции и Регионален координатор за планинарење за југоисточниот регион на РМ.


5 km.
BRICO09-06 11:04:01
GOLAK


Ljupcho Chuchukovski
GOLAK


Ljupcho Chuchukovski
Sportski tereni 1400 m.n.v.
GOLAK


Ljupcho Chuchukovski
Sportski tereni 1400 m.n.v
GOLAK


Ljupcho Chuchukovski
Shumska Vila 1400 m.n.v.
GOLAK